# З А П И С Н И К
## од 31-ва седница на Совет на Општина Демир Хисар
## одржана на 26.12.2023 година

Седницата на Советот на општина Демир Хисар се одржа во салата за состаноци во зградата на Дом на пензионерите Демир Хисар со почеток во 12 часот.

На седницата присуствуваа 11 (единаесет) члена на Советот на Општина Демир Хисар од вкупно 11 (единаесет) и тоа: Претседателот на Советот Љупчо Најдовски и советниците Аце Јанкуловски, Сашо Михајловски, Даниела Давидевска, Филип Ангелевски, Јасмина Јовановска, Јордан Кромидаровски, Валентин Несторoски, Марина Димитријовска, Магдалена Вељановска и Сандра Пејковска.

Од општинската администрација присутни беа Александра Трајковска, Игор Дамјановски, Загорка Милошевска, Ненад Шундовски претседател на Локалниот Економски-социјален совет на Општина Демир Хисар и Иван Кузмановски член на Локалниот Економски-социјален совет на Општина Демир Хисар. На седницата присутен беше вд директорот на ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар Александар Чорбевски, директорот на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар Гоце Мицковски.

Записникот го водеше Виолета Пајковска.

На седницата се расправаше по следниот

ДНЕВЕН РЕД

1.Донесување на Одлука за усвојување на Акцискиот план на Локалниот Економски-социјален совет на Општина Демир Хисар за 2024 година (со опис на активностите од формирањето).

2.Донесување на Буџет на Општина Демир Хисар за 2024 година.

3.Донесување на Одлука за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2024 година.

4.Донесување на Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2024 година.

5.Донесување на Одлука за благајнички максимум на Општина Демир Хисар за 2024 година.

6.Донесување на Одлука за времено финансирање на Општина Демир Хисар за 2024 година.

7.Донесување на Буџетски календар на општина Демир Хисар за 2024 година.

8.Донесување на Одлука за усвојување на Локален Акциски План за управување со отпад на општина Демир Хисар за период 2024-2025

9.Донесување на Програма за работа на Советот на општина Демир Хисар за 2024 година.

10.Донесување на Одлука за утврдување на надоместок за претседател и членови во Управен и надзорен одбор на ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар.

11.Донесување на Одлука за утврдување на надоместок за претседател и членови на Управен и надзорен одбор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар.

12.Донесување на Решение за разрешување и именување на член во Статутарно правна комисија.

13.Разгледување на барање од Пилачевски Добре од с.Слепче.

14. Предлози и прашања

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја отвори седницата. Предложениот Дневен ред го стави на расправа, при тоа предложи дополнување на дневниот ред со точка 13. Разгледување на барање од Пилачевски Добре од с.Слепче. Други предлози немаше. Со 11 „за“ беше усвоен Дневниот ред со дополнувањето.

***ТОЧКА 1. Одлука за усвојување на Акцискиот план на Локалниот Економски-социјален совет на Општина Демир Хисар за 2024 година (со опис на активностите од формирањето)***

Во врска со Одлуката за усвојување на Акцискиот план на Локалниот Економски-социјален совет на Општина Демир Хисар за 2024 година излагање имаше претседателот на локалниот економски социјален совет Ненад Шундовски. При тоа објасни во Акцискиот план наведени се сите

активности кои се реализирани во предходниот период исто и  планираните активности за во иднина. Во своето излагање истакна нема потрошени ни денар средства од буџетот на општината, сите средства се од Меѓународниот институт „Олаф Палме“ од Шведска исто и невладината МКЦ од Битола. Утврдени се приоритети и активности кои се планираат за што се планирани 217.000 денари вкупно средства. Сериозен пристап има кон овие активности целта е успешно да се претстави општината и да се обезбедат подобри услови за живеење во општината. Советниците немаа забелешки. Едногласно со 11 „за“ беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 2. Буџет на Општина Демир Хисар за 2024 година***

Буџетот на Општина Демир Хисар за 2024 година беше донесен од комисијата за финансии и буџет објасни претседателот на комисијата Сандра Пејковска. Советникот Сашо Михајловски праша зошто не е спроведен планот за вработување во делот на унапредувањето Советот што го донесе таму беа планирани три унапредувања, исто во Буџетот не видов планирани средства за овие унапредувања. Градоначалникот Никола Најдовски објасни уште тогаш кога се гласаше ви објаснив ако се планира унапредување на некој вработени, треба да се планира и нови вработувања да се пополнат испразнетите места. Неможи да се постават само раководители на сектори, а нема раководители на одделенија или на другите испразнети места неможи да има унапредување без план за вработување на испразнетите работни места. Советникот Валентин Несторовски забележа нема усогласено измени во Буџетот според измените во програмите кои беа на предлог на советот. Раководителот Влатко Станковски објасни ќе бидат планирани овие измени, но материјалите веќе ви беа поделени, така ќе се направи корекција во тие делови на програмите во буџетот. Советникот Валентин Несторовски имаше забелешка за програмата за еднократна парична помош постојано се дискутира дека многу средства се потрошени, а со програмата се планира пак 900.000, тоа е огромна сума на средства и ова останува само на дискусија, после се продолжува исто. Раководителот Влатко Станковски објасни во 2023 потрошени се 1.400.000 за оваа програма. Советничката Марина Димитријовска имаше забелешка зошто материјалите се доставени на самата седница на 22.12.2023, а седницата е закажана за 26.12.2023 немавме ни седум дена да ги разгледаме. Се работи за Буџет материјалите треба да се повеќе од седум дена, во иднина да се внимава на роковите.  Претседателот на Советот Љупчо Најдовски му се извини на советниците за краткиот временски рок, но мораше така да се закажат седниците. Раководителот Станковски се согласи забелешката е на место не стигнавме навреме да го изготвиме буџетот. Градоначалникот Никола Најдовски истакна забелешката е оправдана, од страна на службите имате изготвено образложение, со што е многу појасно околу планирањето на буџетот. Потоа објасни како секоја година се планира зголемување на процентот, има намалување на ДДВ -то што значи планирањето останува како и предходната година средствата се исти има зголемување на платите има драстично намалување на буџетите во училиштата и кај домот на културата т.е. блок дотацииите, што значи не очекува една кризна година голем број проекти од 2023 ќе бидат дел од буџетот во 2024 година, како градскиот парк, тротоарот по улица Битолска, улици во Прибилци, 3 улици во Вардино, дел од средствата ќе бидат од буџетот на општината за кофинансирање на проекти. Службите од одделението за финансии одлично си ја сработија работата, пред вас имете еден одлично сработен буџет, сите сакаме буџетот да биди планиран колку можи повеќе да е развоен. Предложените програми кои ги донесовте планирани се во тој дел неможи да се интервенира, но можи да се дискутира за останатиот дел од буџетот. На само неколку дена сме пред новата година да ги надминиме сите препреки, да го донесите буџетот за да можи и администрацијата да е прослави новата година, а не да изготвува времен буџет, што ќе бара многу труд и време, а нема ништо да смени. Не сакам сега да лицитираме ви стоиме на располагање да ги слушниме вашите забелешки ако ги имате, измените не се внесени затоа што материјалите веќе беа изготвени, но ќе се внесат. Се надевам дека ќе се реализираат проектите за Смилево, се очекува понуди, да се надеваме на пролет ќе можи да се работи. Со заедничка соработка ќе го смениме ликот на градското подрачје на наше задоволтво на подобро ќе имаме уредено игралиште во градот спортско катче ве замолувам да дадете подршка. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски додаде се носи Буџет има што да се каже, програмите се донесени, но може да се дискустира за програмите администрација, совет,

градоначалник, јас нема да дискутирам, но советниците може да се јават за збор. Бидејќи никој не се јави за дискусијата Претседателот на Советот предг буџетот на општина Демир Хисар за 2024 година го стави на гласање. За донесување на буџетот гласаа 3 „за“, 4 „против“ и 4 „воздржани“.

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски констатира буџетот не се донесе, сите ги знаеме законските одредби до 31.03.2024 година ако не се донеси буџетот Советот може да се распушти тоа е или да се донеси буџетот до таа дата. Градоначалникот на општина Демир Хисар Никола Најдовски додаде незнма дали сме свесни што се прави со оваа одлука се стопира се што е планирано, сите бараме да се направи нешто, а со неносење на буџетот што може да се прави.

***ТОЧКА 3. Одлука за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2024 година***

Бидејќи не се донесе Буџетот на општината не се расправаше по Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Демир Хисар за 2024 година.

***ТОЧКА 4. Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2024 година***

Одлуката за утврдување на вредност на бодот за платите на државните службеници за 2024 година беше донесена од комисијата за финансии и буџет објасни Претседателот на комисијата Сандра Пејковска. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше донесена одлуката.

***ТОЧКА 5. Одлука за благајнички максимум на Општина Демир Хисар за 2024 година***

Бидејќи не се донесе Буџетот на општината не се расправаше по Одлуката за благајнички максимум на Општина Демир Хисар за 2024 година.

***ТОЧКА 6. Одлука за времено финансирање на Општина Демир Хисар за 2024 година***

За Одлуката за времено финансирање на Општина Демир Хисар за 2024 година гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 7. Буџетски календар на општина Демир Хисар за 2024 година***

Буџетскиот календар на општина Демир Хисар за 2024 година беше донесена од комисијата за финансии и буџет објасни претседателот на комисијата Сандра Пејковска. Дискусија немаше. Со 11 „за“ беше донесен буџетскиот календар.

***ТОЧКА 8. Одлука за усвојување на Локален Акциски План за управување со отпад на општина Демир Хисар за период 2024-2025***

За Одлуката за усвојување на Локален Акциски План за управување со отпад на општина Демир Хисар за период 2024-2025 објаснување имаше Загорка Милошевска. Дискусија немаше. За донесување на одлуката гласаа 11 „за“.

***ТОЧКА 9. Програма за работа на Советот на општина Демир Хисар за 2024 година***

Програмата за работа на Советот на општина Демир Хисар за 2024 година беше донесена без дискусија со 11 „за“.

***ТОЧКА 10. Одлука за утврдување на надоместок за претседател и членови во Управен и надзорен одбор на ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар***

Одлука за утврдување на надоместок за претседател и членови во Управен и Надзорен одбор на ЈП „Дехи Транс“ Демир Хисар вд директорот Александар Чорбевски објасни имаше предлог да се зголеми надоместокот за 500 денари со оглед на финансиската состојба на петпријатието не е проблем прифатливо е. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски додаде управниот одбор ја утврдува висината на надоместокот. Вд директорот Александар Чорбевски објасни согласно закон надоместокот го утврдува основачот. Дискусија повеќе немаше. За донесување на одлуката гласаа 9 „за“ против и воздржани немаше.

***ТОЧКА 11. Одлука за утврдување на надоместок за претседател и членови на Управен и надзорен одбор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар***

Во врска со Одлука за утврдување на надоместок за претседател и членови на Управен и Надзорен одбор на ЈКП „Комуналец“ Демир Хисар директорот Гоце Мицковски објасни Управниот одбор си донесе одлука да се зголеми надоместокот на 3.000 денари. Согласно закон надоместокот го утврдува основачот. Советникот Сашо Михајловски додаде Советот нема надлежност, ако е така ако има надлежност, тогаш како си ги зголемија платите без одлука од совет. Советничката Марина Димитријовска праша колку е сега надоместокот. Директорот Мицковски одговори 2.500 за

претседателот и по 2.000 за членовите. Советникот Валентин Несторовски истакна со оглед на финансиската состојба на ова претпријатие, а предлогот во дописот за укинивање на надоместокот е издржан. Ако продолжи вака ќе се затвори. На ова реагираше директорот Мицковски announceможи јавно претпријатие да се затвори, но дека ќе се постигне нешто со заштеда од 15.000 не сум сигирен. Од некаде треба да се почни додаде советникот Валентин Несторовски. Претседателот на Советот Љупчо Најдовски во својата дискусија објасни не е во ред да нема надомест членовите одвојуваат време да присуствуваат на седниците. Бидејќи никој не се јави за дискусија предлог одлуката ја стави на гласање. За донесување на одлуката имаше само 1 „за". Советничката Сандра Пејковска предложи да се одложи точката за наредна седница,  а советникот Валентин Несторовски додаде ако не помина предддложената одлука тоа значи останува да важи старата одлука. Претставникот од општината Александра Трајковска објасни треба да се донеси одлука со која ќе се утврди надомест за членовите на управниот и надзорниот одбор. Според советничката Марина Димитријовска не е проблем да остане исто надоместокот како и досега ако има средства. Советникот Валентин Несторовски предложи да остане исто надоместокот како и досега. За предлогот гласаа 4 „за". Не се прифати. Директорот Гоце Мицковски предложи ако не да се укини. Со оглед на финасиската состојба на претпријатието кон тоа и оди додаде советничката Сандра Пејковска, но не е во ред некој да работи без надоместок затоа предложи по 800 денари како членовите во комисиите. За предлогот гласаа 8 „за",  2 „против" и 1 „воздржан".

***ТОЧКА 12. Решение за разрешување и именување на член во Статутарно правна комисија***

Во врска со Решението за разрешување и именување на член во Статутарно правна комисија Претседателот на Советот Љупчо Најдовски објасни членот Валентина Талевска има поднесено оставка. За член во Статутарно правната комисија на местото од Валентина Талевска советничката Сандра Пејковска ја предложи Бети Малушовска од Сопотница. Советничката Марина Димитријовска го предложи Николче Мијаковски дипломиран правник. Други предлози немаше. За предлогот од советничката Марина Димитријовска член да биде Николче Мијаковски гласаа 5 „за"  од вкупно 11 присутни советници немаше мнозинство предлогот не се прифати. За предлогот од советничката Сандра Пејковска за член во комисијата да биди Бети Малушовска гласаа 6 „за" од вкупно 11 присутни советници, предлогот се прифати.

***ТОЧКА 13. Разгледување на барање од Пилачевски Добре од с.Слепче***

Во врска со барањето градоначалникот Никола Најдовски објасни поради пожар во нивниот семеен дом направена е голема материјална штета. Имаа поднесено барање за помош, му беше одобрено да подигнат градежен материјал. Фактурата кога беше доставена до општината е на 150.000, за да може да се плати потребно е согласност од Советот. Советниците се согласија фактурата целосно да се плати од општината. За доделување на финанска помош гласаа  11 „за" .

***ТОЧКА 14. Предлози и прашања***

Претседателот на Советот Љупчо Најдовски имаше прашање до градоначалникот дали се заврши постапката со проектот за с.Журче

Градоначалникот Никола Најдовски објасни ги контактирал проектантите се работи на проектот оди побаво работата, се работи за мост има повеќе работа.

Дискусија повеќе немаше.

Дневниот ред беше исцрпен, претседателот на Советот Љупчо Најдовски ја затвори седницата.

Бр. 17-88/6
24.01.2024 година
Демир Хисар

Совет на Општина Демир Хисар
Претседател,
Љупчо Најдовски с.р.